# АНАСТАСОВ

САЛОН НА МУЗЕЈОТ — ЃУРО САЛАЈ 34
SALON DU MUSÉE — ĐURO SALAJ 34

МУЗЕЈ НА
СОВРЕМЕНА
УМЕТНОСТ
СКОПЈЕ

MUSÉE D'ART
CONTEMPORAIN
SKOPJE

# РОДОЉУБ АНАСТАСОВ
# RODOLJUB ANASTASOV

26 V. — 15 VI. 1970



Од дебито на Анастасов во скопскиот ликовен круг 1960. година, до денес, нè делат десет години, од кои само шест творечки. Она што било и она што е сега пред нас се движи како прогресивно усмерен дијаграм — творештво со логичен дијалектички развој, консеквентно и себе доследно. Уметникот ѝ припаѓа на групата македонски сликари од помладата генерација. Во почетокот, неговото творештво покажува сродности со некои сликари од истата. Меѓутоа, денешната фаза го дистанцира од нив, аналогно со случајот на Перчинков (во смисла на не поврзување со било кој од нив). Како ученик на белградската Академија за ликовни уметности учи во класата на професорот Љубица Сокиќ. Некои дела создадени во периодот на студиите компилирале одредени идеи од современата интернационална ликовна авангарда. Кај Анастасов духовното сродство пред сè со Модилјани се наметнува во поедини слики работени 1958. година. Истата година се создадени и маслата: ,,Композиција'', ,,Софра'' и др. — едни од пионерските појави на апстрактната уметност во Македонија. Во нив целата композиција е сведена пред сè кон ефектите на материјата, придружена од своевидна симболична каузалност и асоцијативност. Следната година ја создава ,,Смртта на Дојрана'' (1959.), со кое ја освојува I награда за сликарство на сојузната изложба ,,Младо ликовно творештво'' во Белград. Ова признание, добиено во нагласена конкуренција, ќе му биде примарниот духовен двигател во годините што го очекуваат, она што ја овозможило трансформацијата на сомнението во сигурност, на очајот во надеж, на скептизмот во верба. ,,Смртта на Дојрана'' сеуште содржи елементи од аналитичката озвученост на сликите од 1958., само во нив е присутна човечката фигура која очигледно почнува да се распаѓа и да претрпува видни модификации. Од неа се ослободуваат воздишките на тупробност и фатална безизлезност, морбидно расположение и психолошка оптеретеност (нешто што го припишуваме и на некои слики од 1961./1962. и на творечката фаза од 1966.). Маслата работени 1961./1962. (кога дипломирал, наполно го напуштаат контактот со фигуративната презентација. Физичкиот свет и визуелната конкретност сликарот ги запоставува и се ориентира кон духовните димензии на суштествувањето на човекот, природата и светот воопшто. Бидејќи многубројните менувања на ликовните движења денес трпат и условни формулации, мислам дека оваа фаза го поднесува терминот ,,апстрактен романтизам''. Овде се чувствува можеби далечно но сепак сродство со меланхоличниот револт на Бајрон, морбидниот мистицизам на Гете, лирскиот немир на Ламартин, вознемирувачката динамичност на Делакруа, со филмовите на Роман Полански, итн. (,,Темна визија'' — 1962., ,,Нијансирана сложеност'' — 1962., ,,Трагичен распон''), а во глатко сликаните површини се инкорпорираат акценти на chiaro — scuro и чисто енформелски изведени фрагменти кои ја потенцираат драматичната сложеност на композицијата, ја напојуваат со загадочна сугестивност, спиритуелни медитации и фантасмагорични немири. Во тој danse macabre емоционалната напнатост на гледачот како да оди кон хоризонтите на една духовна негација, халуцинација, длабока отапеност, страст за деструкција и иритираност од физички или морален ред. Палетата е главно темна, а на места продорот на светлината носи во себе елементи од ,,апстрактниот луминаризам'' на Р. Дебењак. Енформелските акценти од ,,апстрактниот романтизам'', 1966. (после трогодишна апстиненција на уметникот), стануваат стожери на сликата, доминантна и основна присутност. Разиграните динамични вивнувања преминуваат во нивна контроверзна: апсолутен мир што ја презел аромата на претрпена катастрофа, апокалипса, ништавило — неподвижни патувања во обезлуѓен простор. Сега, поранешните условно земени блискости со романтичарите стапуваат во сродство со идејно филозофската обоеност на Ниче, Лотреамон, Бекет и оноа на Кафка ,,што ќе пипнам сè се распаѓа''. Тоа се алузии на пеколот на егзистенцијата на страшните психички трауми на злокобниот зов на судбината, на триумфалната деградација на органскиот живот. Во овие претстави на дехуманизирани планети од флората останале фосили, од ерупцијата на вулканите аморфна маса, песок, камења и прав — површина исполнета со рани, лузни и печати од минатото. Сепак од понорите и бездните зрачи

некаква лунарна светлина (што 1969./70. ќе се претвори во кинетичка игра на светлосни ефекти). Од друга страна, за разлика од делата на македонските нонфигуративци (Калчевски, Ристески, Аврамовски, Мазев и др.), тој не го нашол испирационото јадро исклучиво врз македонското тло. Напротив, неговите размислувања и толкувања не се локално обоени, туку добиваат една општа универзална димензија. Чисто енформелските слики (,,Цвет-фосил", ,,Зачеток и продолжување", ,,Посветена на браздите", ,,Обновување" и други, сите од 1966.) откриваат суптилно, длабоко прочувствувано истражување на кондензираната материја, широка гама на нивни можни трансформации. Релјефноста добиена по пат на патрупување на сликарската паста, урезите, т.е. ,,тетовираната" композиција ги содржи никулците на знакот, амбиентот и симболот, односно извесни калиграфски елементи (како кај Деготекс, Фотрије, Дибифе) што во сликите ,,Судир" — 1967., ,,Игра без правила" — 1967., ,,Правец кон епицентарот"—1968., ,,Скопски тињак" — 1967. и други ќе бидат главната атракција во нив. Всушност од 1967. со ,,Скопски тињак" отпочнува процесот на ликовната ,,катарза" кај Анастасов. И покрај постоењето на енформелски елементи, горниот дел на композицијата е решен монохромно и прилично филтриран, што води 1969./1970. до максимална ликовна прочистеност. Истото се однесува и на сликите: ,,Македонско оро", ,,Црвена пустина" и др.

Оправдувајќи ја констатацијата на Талјабуе дека ,,секоја уметност допушта поинаква материја и поинаква можност на начинот на претставување", истата 1968. е создадена и наполно фигуративната композиција ,,Затворениците од Диар Бекир" (што не значи пресвртница во творечката дијалектика на уметникот, но укажува на можно вклопупување во тематските изложби и афинитетот за епската страна на нештата), но и сликите ,,Македонска порта I" и ,,Македонска порта II" (видени на изложбата ,,Современа македонска уметност" во Белград, Загреб и Сараево). Иаку ја содржат темната гама од предходните дела, последниве со специфичниот метод на аплицирање на сликарската маса ја зголемуваат тактилната и визуелната комуникација како и автентичноста на емотивните импулси. Енформелот е решен во своевиден еуфоричен натурализам, повеќе конкретен одошто асоцијативен, со извонредно сугестивна моќ: бруталноста и агресивноста на дрвените порти нѐ исполнуваат со морници при помислата на судбинското што се крие зад нив. Впрочем нивното име е само условно земено, а платформата на која почиваат има далеку потрансцендентална суштина. Од друга страна, на ,,Македонска порта I" иманентен ѝ е елементот на оп-артот и новата фигурација, карактеристични за последната фаза на уметникот. Денешниот стадиум во сликарството на Анастасов е ориентиран кон геометриска организација на композицијата, стилизирање на ударните целини, контурирање на поедини секвенци во сликата. Хоризонталните и вертикалните ритмови што го урамнотежуваат притисокот на површините, го нагласуваат неговиот сѐ поинтимен контакт со математиката, науката, редот и дисциплината во нив, рационалното и церебралното. Сепак во оваа нова организација се инфилтрирани визуелно конкретно претставени нешта (клопче, јаболко, топка и др.) или контурите на некакви асицијативни предмети или пак латентни состојби на иреални и реални нешта. Додека метафизичките својства на формите го зголемуваат впечатокот на мир и рамнотежа сукцесивното нижење и повторување на еден и ист ликовен елемент (вертикала, хоризонтала или круг), максимално ја динамизира и ја анимира архитектонската конструкција на просторот, создавајќи оптичка игра на светло-темно која нѐ возбудува низ вибрациите, ритмовите и осцилациите на целата композиција. На тој начин исправени сме пред проблемите што ги решава оп-артот и кинетичката уметност (,,Вибрации III", ,,Вибрации IV", ,,Вибрации V" и ,,Импулси" — сите од 1970.). Оп-артот е необично интересно решен особено кога се има предвид дека до него се дошло преку класичниот процес на сликање со маслени бои: Анастасов проблемите на кинетизмот ги совладува на мошне оригинален начин — преку лично интерпретирана визуелна сугестија. Меѓутоа, иаку конкретната релјефност на платното и апликациите се отфрлени, ефектот на тродимензионалноста е уште повеќе евидентен. Тогаш се раскинуваат традиционалните граници на просторот, сликата продолжува да живее надвор од ограничената површина, се стреми кон постигнување на уште две димензии: онаа на времето и онаа на движењето.

Платната настанати 1968., 1969., 1970. нѐ интересираат од неколку нови аспекти специфични за творештвото на Анастасов во оваа фаза:

**1. Нова интерпретација на светот, низ прочувствувана и детално опсервирана стварност.**

**Визуелна опсесија од духот на современиот миг.**

Иако сеуште постојат референции на минатото, видно е напуштањето на органскиот свет во полза на механичкиот, индустрискиот фолклор. Убедливоста на претставите за новата ера ги чувствуваме низ звукот и блесокот на металот, молскавичното темпо на суштествувањето денес, климата на атомската озвученост, инфицираноста од science — fiction (делење на јадра, продолжување на видот — ,,Во очекување" и ,,Ризница"), амбиентот и егзистенцијалниот простор на денешниот човек, (пешачки

премини, жици, антени, ролетни, брзината на движењето на автомобилите, компјутерската грозница, електро кардиограми, дијаграми — ,,Импулси", ,,Источен параван", ,,Во знак на минатото"). Сепак овој интерес за физиката, хемијата, биологијата, воопшто за науката, на кои голем број уметници денес им подклекнуваат, не го отфрла дефинитивно обичниот предмет. Носталгијата за истиот е директно манифестирана преку него, со сместување во сликата каде ги живее последните мигови и се бори да се спаси од миновноста и анонимноста. Да одбележиме уште дека новиот аспект на природата, специјалниот, урбанизам на Анастасов ѝ должи многу на една поетска транскрипција што можеби значи одбрана на чувствата од церебралниот притисок. Реалноста што ни е понудена е имплицитна. Таа е над нашите обичаи и прифатени идеи. Уметникот во неа размислува за суштествувањето на човекот, неговото одржување или пропаст низ една можна проекција на иднината.

## 2. Локално националната особеност дефинитивно им отстапува место на поуниверзалните стремежи.

Мишел Рагон во својата книга ,,Раѓањето на една нова уметност", зборувајќи за тенденциите во ликовните уметности после шеесеттите години на овој век, покрај релјефот, барокизмот, новиот реализам, знакот и буквата (речиси сите присутни во творештвото на Анастасов) го споменува и ,,јапонското влијание" врз западната уметност. Контемплативниот и филозофски став на уметникот, постоењето во неговото творештво на нешто од мистиката на Далечниот исток, класичното чувство за ликовната естетика, деликатниот рафинман на сликата, спиритуализацијата на материјата и облагородената постапка и колорит чинам дека ја прават оваа креација блиска до зен-будизмот, старите јапонски мајстори и до Хамагуши исто така (,,Огледало", ,,Македонски староградски амбиент", ,,Прекинато мислење").

## 3. Општ стадиум на прочистување

Ако во поранешните слики постоеше на места тема, литература и нарација, во последните се обидува да се ослободи од нив. Истото ја зафаќа и композицијата сведена на ефекти, едноставна и хомогена, селектирана и ригорозна. И колоритот наполно растеретен и прочистен — автономна хроматска текстура, суптилно разрешени благи пасажи (контраст на светли бои-окерасти, песокливо-жолти, портокалови, маслинесто — зелени, и на темно-кафеави, темносини, темнозелени и црвени). И ликовното проседе: некогашните гранулации, структурализации и густа паста станале соодветни на сензибилитетот и темпераментот на сликарот денес (грижливо негувана фактура, хомогено распределени бои, глатка и мазна површина). Воопшто патот на трансформацијата на анализата во синтеза на есенцијалното, основното и неопходното, успешно е извршен.

## 4. Факторот светлина

Дискретниот продор на светлината присутен уште во првите дела на Анастасов, во денешните станува примарна нужност. Акордите на светлината и комплексната игра на нејзините ефекти, обмисленото пропорционирање имаат психолошко и сугестивно дејство, а воедно ја анимираат и ѝ даваат автентичност на целата слика. Таа се издвојува како најефикасно решен проблем во македонското современо сликарство.

## 5. На крстопат меѓу фигурацијата и апстракцијата

На дијалектичката трансформација на уметниковото творештво својствен ѝ е раздорот меѓу светот на конкретното, предметното и нефигуративното. Можеби општоста и широчината на содржинскиот регистар и неограниченоста на авторот, сѐ поголемиот стремеж кон потсвесното како и психолошко филозофската заинтересираност на авторот (опсесијата од Ниче, Фројд и Зен-будизмот) се базичните фактори што нѐ задолжуваат новите слики да не ги лимитираме во границите на овој или оној стилски правец, туку да го задржиме нашето внимание на неколку пункта: опартот со асоцијативниот надреализам, новата фигурација со сугестивната апстракција. Таа поделеност Дора Валиер во книгата ,,Апстрактна уметност" одлично ја дефинира: ,,. . . станува збор за фигуративна апстракција и апстрактна фигурација и нефигурација".

Основните елементи во ова творештво: доследноста, континуитетот и извонредната занаетска вештина, пред сѐ плод на дисциплината, и упорноста на Анастасов, довеле до една ,,универзална уметничка вистина со која човекот се спротивставува на миновноста на животот" (Малро).

Соња АБАЏИЕВА—ДИМИТРОВА



17.



20.

15.





14.

**КАТАЛОГ**
**CATALOGUE**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | СКОПСКИ ТИЊАК<br>BOURBIER DE SKOPJE | масло на платно<br>huile sur toile | 160 × 118 | 1967 |
| 2. | МАКЕДОНСКА ПОРТА I<br>PORTE MACÉDONIENNE I | масло на платно<br>huile sur toile | 151 × 151 | 1967 |
| 3. | ИГРА БЕЗ ПРАВИЛА<br>JEU SANS RÈGLES | масло на платно<br>huile sur toile | 150 × 56 | 1967 |
| 4. | МАКЕДОНСКА ПОРТА II<br>PORTE MACÉDONIENNE II | масло на платно<br>huele sur toile | 150 × 150 | 1968 |
| 5. | ПРАВЕЦ КОН ЕПИЦЕНТАРОТ<br>DIRECTION VERS L'ÉPICENTRE | масло на платно<br>huile sur toile | 160 × 100 | 1968 |
| 6. | ЦРВЕНА ПУСТИНА<br>DÉSERT ROUGE | масло на платно<br>huile sur toile | 160 × 100 | 1968 |
| 7. | МАКЕДОНСКО ОРО<br>DANSE MACÉDONIENNE | масло на платно<br>huile sur toile | 205 × 153 | 1968 |
| 8. | СКОПСКИ СТАРОГРАДСКИ АМБИЕНТ I<br>AMBIENCE DE LA VIEILLE VILLE DE SKOPJE I | масло на платно<br>huile sur toile | 108 × 121 | 1968 |
| 9. | СКОПСКИ СТАРОГРАДСКИ АМБИЕНТ II<br>AMBIENCE DE LA VIEILLE VILLE DE SKOPJE II | масло на платно<br>huile sur toile | 120 × 100 | 1968 |
| 10. | ЗАТВОРЕНА ИГРА<br>JEU ENFERMÉ | масло на платно<br>huile sur toile | 85 × 100 | 1968 |
| 11. | ОГЛЕДАЛО<br>GLACE | масло на платно<br>huile sur toile | 100 × 120 | 1968 |
| 12. | ПОСВЕТА НА МАЈКА МИ<br>HOMMAGE À MA MÈRE | масло на платно<br>huile sur toile | 120 × 100 | 1969 |
| 13. | ВО ЗНАК НА МИНАТОТО (ДИПТИХ)<br>EN TÉMOIGNAGE DU PASSÉ (DIPTYQUE) | масло на платно<br>huile sur toile | 102 × 102<br>52 × 152 | 1969 |
| 14. | ПРЕКИНАТО МИСЛЕЊЕ<br>MÉDITATION INTERROMPUE | масло на платно<br>huile sur toile | 93 × 113 | 1969 |
| 15. | ВО ОЧЕКУВАЊЕ<br>EN ATTENDANT | масло на платно<br>huile sur toile | 113 × 93 | 1969 |
| 16. | ИСТОЧЕН ПАРАВАН<br>PARAVENT ORIENTAL | масло на платно<br>huile sur toile | 113 × 93 | 1969 |
| 17. | СВЕТЛОСТ, ТЕМНИНА, ЗВУК<br>LUMIÈRE, OBSCURITÉ, SON | масло на платно<br>huile sur toile | 144 × 144 | 1969 |
| 18. | ИМПУЛСИ<br>IMPULSIONS | масло на платно<br>huile sur toile | 103 × 254 | 1970 |
| 19. | РИЗНИЦА<br>TRÉSORERIE | масло на платно<br>huile surtoile | 163 × 133 | 1970 |
| 20. | ВИБРАЦИИ III<br>VIBRATIONS III | масло на платно<br>huile sur toile | 163 × 133 | 1970 |
| 21. | ВИБРАЦИИ IV<br>VIBRATIONS IV | масло на платно<br>huile sur toile | 121 × 101 | 1970 |
| 22. | ВИБРАЦИИ V<br>VIBRATION V | масло на платно<br>huile sur toile | 101 × 121 | 1970 |

**РОДОЉУБ АНАСТАСОВ**, академски сликар

Роден 1935. во Скопје. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1962. Студијски патувања во Италија и Грција. Бил член на УЛУС од 1963—1965. Од 1965 е член на ДЛУМ

Живее и работи во Скопје.

Адреса: Карпош III, А1. вл. III, ст. 12., Скопје

**Самостојни изложби**

1966 — Скопје, Работнички дом-универзитет (слики)
1967 — Нови Сад, Трибина на младите (цртежи)

**Групни изложби:**

Учествува редовно на изложбите на ДЛУМ
1958 — Белград, Изложба на слики и скулптури
1959 — Белград, Уметност на Белградскиот универзитет
— Белград, Младо ликовно творештво
1960 — Скопје, Петмина најмлади
1963 — Белград, изложби на УЛУС (есенска и пролетна)
1966 — Белград, НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија
1967 — Скопје, Современо македонско сликарство — млада генерација
— Белград, III југословенско триенале
— Скопје, Современи македонски уметници — актуелни тенденции
— Скопје, Аспекти на цртежот во Македонија
— Нови Сад, Современа македонска уметност
— Бејрут, Дамаск, Багдад, Триполи — Современа југословенска уметност
1968 — Скопје, ,,Наше минато"
1969 — Белград, Сараево, Загреб, — Современа македонска уметност — сликарство, скулптура, објекти
— Ферара, Современа македонска уметност
— Риека, V биенале на младите
— Анкара и Истанбул, — Македонска современа уметност
— Блед, Интернационален бледски салон
— Каиро, 1000 години на Каиро
— Словењ Градец, Ангажирана уметност во Југославија 1919/1969
1970 — Скопје, ,,Моето сакано дело"
— Ним (Франција), Десет македонски сликари
— Александрија, VIII медитеранско биенале

**Награди:**

1959 — Награда за сликарство на Белградскиот универзитет — Белград
— I награда за сликарство на сојузната изложба ,,Младо ликовно творештво — Белград
1968 — I награда за сликарство на националната изложба ,,Наше минато"
1970 — I откупна награда за сликарство на VIII медитеранско биенале — Александрија

Делата му се наоѓаат во:
Музеј на современа уметност — Скопје, Уметничка галерија — Скопје, Историски музеј — Скопје, Галерија на Уметничката академија — Белград, Уметничка галерија — Штип, Колекција на Трибината на младите — Нови Сад, Галерија на модерна уметност — Александрија, Универзитетска библиотека — Скопје, како и во бројни јавни и приватни колекции во Белград, Скопје, Љубљана, Загреб, Марибор, Цеље и Fayetteville (Арканзас) — САД

**DODOLJUB ANASTASOV**, peintre

Né en 1935 à Skopje. En 1962 il a terminé ses études à l'Académie des Beaux—Arts de Belgrade. Voyages d'étude: Italie et Grèce. De 1963 à 1965 il était membre de l'ULUS. A partir de 1965 il est membre de la DLUM.
Vit et travaille à Skopje.

Adresse: Karpoš III, A 1, vl. III, st 12, Skopje

**Expositions individuelles:**

1966 — Skopje, Foyer Populaire et Université (peintures)
1967 — Novi Sad, Tribune des jeunes (dessins)

**Expositions collectives:**

Participe regulièrement aux expositions de la DLUM
1958 — Belgrade, Exposition de peintures et de sculptures
1959 — Belgrade, Art de l'Université de Belgrade
— Belgrade, Jeune création plastique
1960 — Skopje, Cinq jeunes artistes
1963 — Belgrade, Exposition de l'ULUS (automnale et printanière)
1966 — Belgrade, NOB dans les oeuvres des artistes plastiques yougoslaves
1967 — Skopje, Peinture macédonienne contemporaine — jeune génération
— Belgrade, III-e Triennale yougoslave
— Skopje, Artistes macédoniens contemporains-tendances actuelles
— Skopje, Aspects du dessin en Macédoine
— Novi Sad, Art Macédonien contemporain
— Beyrouth, Damask, Bagdade, Tripoli, — Art yougoslave contemporain
1968 — Skopje, ,,Notre passé
1969 — Belgrade, Sarajevo, Zagreb, — Art macédonien contemporain — peinture, sculpture, objets
— Ferrare, Art macédonien contemporain
— Rijeka, V-e Biennale des jeunes
— Ankara et Istanbul, — Art macédonien contemporain
— Bled, Salon international de Bled
— Caire, 1000 anniversaire de Caire
— Slovenj Gradec, Art angagé en Yougoslavie 1919/1969
1970 — Skopje, ,,Mon oeuvre préférée"
— Nîmes (France), 10 peintres macédoniens
— Alexandrie, Biennale méditerranéenne

**Prix:**

1959 — Prix de peinture à l'Université de Belgrade, à Belgrade
— I-er Prix de peinture à l'exposition fédérale ,,Jeune création plastique à Belgrade
1968 — I-er Prix de peinture à l'exposition nationale ,,Notre passé à Skopje
1970 — I-er Prix d'achat de peinture à la VIII-e Biennale méditerranéenne en Alexandrie

On trouve ses oeuvres dans:

Musée d'Art Contemporain — Skopje, Galerie d'Art — Skopje, Musée d'Histoire — Skopje, Galerie de l'Académie des Beaux—Arts de Belgrade, Galerie d'Art —Štip, Collection de la Tribune des jeunes — Novi Sad, Galerie d'Art Moderne — Alexandrie, Bibliothèque Universitaire — Skopje, ainsi que dans nombreux collections publiques et privées à Belgrade, Skopje, Ljubljana, Zagreb, Maribor, Celje et Fayetteville (Arkansas) — Etats — Unis

## БИБЛИОГРАФИЈА

BIBLIOGRAPHIE

ПРЕДГОВОРИ ОД САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ И ПОВАЖНИ СТАТИИ ЗА УМЕТНИКОТ

1959 С, Ј., Незабележен успех, Студентски збор, Скопје, 10. XII. 1959

1966 Борис Петковски, предговор за каталог од самостојната изложба, Работнички дом, Скопје, јуни 1966
Т. Ш., Активна слика на Р. Анастасов, Вечер, Скопје, 8. VI. 1966
О. Спиркоска, Окупираност со просторот и времето, Нова Македонија, Скопје, 11. VI. 1966
Паскал Гилевски, Фактура на една сликарска визија, Нова Македонија, Скопје, 12. VI. 1966
Boris Petkovski, Rodoljub Anastasov, Umetnost, Belgrad br. 7, juli—septemvri, 1966

1967 Andrija Vučemil, predgovor za katalog od samostojnata izložba na crteži, Salon Tribine mladih, Novi Sad, 1967
Ђ. Јовић, Интимна схватања — уз изложбу цртежа Родољуба Анастасова у Салону новосадске Трибине младих, Дневник, Нови Сад, 24. II. 1967
Ž. Turinski, Rodoljub Anastasov, Umetnost, Belgrad, br. 10, april—juni, 1967
Симон Шемов, Мрачни тонови на боја, Нова Македонија, Скопје, 21. VIII. 1967

ПРЕДГОВОРИ ОД ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1960 Лазар Личеноски, предговор за каталог од изложбата ,,Најмладите пет", Работнички дом, Скопје, 1960

1967 Соња Абаџиева Димитрова, предговор за каталог од изложбата ,,Современо македонско сликарство — млада генерација", Музеј на современа уметност, Скопје, 1967
Соња Абаџиева Димитрова, предговор за каталог од изложбата ,,Македонски уметници најмлађе генерације", Трибина младих, Нови Сад, 1967
Борис Петковски, предговор за каталог од изложбата ,,Аспекти на цртежот во Македонија", Музеј на современа уметност, Скопје, 1967

1969 Борис Петковски, предговор за каталог од изложбата ,,Savremena makedonska umetnost — slikarstvo, skulptura, objekti, Музеј савремене уметности, — Белград, Умјетничка галерија — Сарајево, Модерна галерија — Загреб, 1969
Борис Петковски, предговор за каталог од изложбата ,,Angažirana umetnost v Jugoslaviji 1919 — 1969, Umetnostna galerija, Slovenj Gradec, 1969
Борис Петковски, предговор за каталог од изложбата ,,Makedonyal. sanatçilar, Resim ve heykel beçiktaç, Истанбул, Анкара, 1969

1970 — Борис Петковски, предговор за каталог од изложбата ,,10 Peintres Macédoniens, Musée des Beaux—Arts, Ним, 1970

ПРИКАЗИ НА ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ, ПОКРАТКИ НАПИСИ И ДРУГО

1959 —, Награде савеза студената београдског универзитета, Политика, Белград, 21. V. 1959
—, Додељене награде ЦК Народне омладине Србије, Политика, Белград, 22. X. 1959
С. Б., Прва велика ликовна смотра младих, Студент, Белград, 28. X. 1959
Л. Трифуновић, Једна изложба младих, НИН, Белград, бр. 463, 1959

1960 —, Заедничка изложба на петмина млади уметници, Нова Македонија, Скопје, 3. VI. 1960
—, Изложба младих македонских сликара, Борба, Белград, 6. VI. 1960
—, Изложби, Нова Македонија, Скопје, 10. VI. 1960
—, Изложба на петмина, Нова Македонија, Скопје, 10. VI. 1960
Ј. Мацан, Петмина најмлади, Нова Македонија, Скопје, 14. VI. 1960
Борис Петковски, Најмладите пет, Културен живот, Скопје, бр. 5—6, мај—јуни, 1960

1966 —, Изложба на Родољуб Анастасов во Скопје, Нова Македонија, Скопје, 1. V. 1966
Т. Ш., Изложба на Родољуб Анастасов, Вечер, Скопје, 2. VI. 1966
Т. Ш., Богат ликовен живот, Вечер, Скопје, 16. VI. 1966
Влада Урошевић, Једна сезона на измаку, Борба, Белград, 3. VII. 1966
Паскал Гилевски, Повеќе грижа да се отвори изложба, одошто добра изложба, Нова Македонија, Скопје, 10. VIII. 1966
С. Димитрова, Македонските ликовни уметници од најмладата генерација, Народна просвета, Скопје, 17. X. 1966
Соња Димитрова, Резиме на креативните вредности, Мисла, Скопје, 16. XI. 1966
Влада Урошевић, Једна нова генерација, Борба, Белград, 11. XII. 1966

Соња Димитрова, Есенската изложба на ДЛУМ, Народна просвета, Скопје, 26. XII. 1966

1967 —, Изложба цртежа Родољуба Анастасова, Дневник Нови Сад, 19. II. 1967
Т. Ш., Изложба на младите македонски сликари, Вечер, Скопје, 2. III. 1967
Влада Урошевиќ, Широчина и страст, Нова Македонија, Скопје, 12. III. 1967
Теофил Шулајковски, Приближување кон современиот израз — најмладата македонска ликовна генерација, Студентски збор, Скопје, 20. III. 1967
—, Тринаесет уметници од Македонија на Југословенско триенале во Белград, Вечер, Скопје, 4. IV. 1967
Марко Арсовски, Доследна сликарска генерација, Млад борец, Скопје, 27. IV. 1967
Симон Шемов, Експонати во Уметничката галерија — млада генерација, Вечер, Скопје, 30. IV. и 1—2. V. 1967
Симон Шемов, Разоткривачка светлина врз ликовниот израз, Вечер, Скопје, 1. V. 1967
Boris Petkovski, Savremeno slikarstvo u Makedoniji — mlada generacija, Umetnost, Belgrad, br. 10, april—juni, 1967
Т. Ширилов, 22 ликовни уметници од Македонија, Нова Македонија, Скопје, 24. V. 1967
Соња Абаџиева Димитрова, Изложба на современите македонски сликари од младата генерација, Современост, Скопје, бр. 5, мај, 1967
Т. Ш., Кандидати за репрезентативна изложба Вечер, Скопје, 17. VI. 1967
Паскал Гилевски, Што е денеска актуелно?, Нова Македонија, Скопје, 25. VII. 1967
Aleksandar Bassin, Susret solidarnosti—susret s umetnošću, Telegram, Zagreb, 18. VIII. 1967
Душан Перчинков, Паскал Гилевски — во прашањето — што е денеска актуелно, Разгледи, Скопје, бр. 2, октомври 1967
Victor Hakim, Izložba savremene jugoslovenske umetnosti u Bejrutu, La revue de Liban et de l'Orient Arabe, Bejrut, 21.X.1967
Паскал Гилевски, Последниот конгломерат — есенска изложба на ДЛУМ, Нова Македонија, Скопје, 10. XII. 1967
Симон Шемов, Есенска изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, Вечер, Скопје, 15. XII. 1967
Boris Petkovski, Makedonska savremena umetnost—aktuelne tendencije, Umetnost, Белград, бр. 12, октомври — декември, 1967.
Симон Шемов, Прво презентирање на македонскиот цртеж, Вечер, Скопје, 17. XII. 1967
Паскал Гилевски, Аспекти на македонскиот цртеж, Нова Македонија, Скопје, 17. XII. 1967
Boris Petkovski, Sodobni makedonski umetniki—aktualne tendence, Sinteza, Ljubljana, br. 8, dekem. 1967

1968 Борис Петковски, Аспекти на цртежот во Македонија, Мисла, Скопје, бр. 22, февруари, 1968
Boris Petkovski, Neiktoré charakteristiky súčansného macedónskeho výtvarnéno umenia, Nový život, Nový Sad, br. 2, april—juni, 1968
А. П., Вчера во Скопје, Вечер, Скопје, 1. VIII. 1968
—, Втора награда, Нова Македонија, Скопје, 7. VIII. 1968
Симон Шемов, Две изложби во летната сезона, Млад борец, Скопје, 12. IX. 1968
Boris Petkovski, Današnja makedonska likovna umetnost, Sinteza, Ljubljana, br. 10—11, oktomvri, 1968
Борис Петковски, Изложбата „Наше минато", Културен живот, Скопје, бр. 9—10, ноември—декември, 1968
Борис Петковски, Годишната изложба на ДЛУМ, Нова Македонија, Скопје, 8. XII. 1968
Борис Петковски, предговор за самостојната изложба на Ристо Калчевски, Музеј на современа уметност Скопје, 1968

1969 Boris Petkovski, Prilog pitanju nacionalnog i tradicije u savremenoj makedonskoj likovnoj umetnosti, Umetnost, Belgrad, br. 17, januari—mart, 1969
Паскал Гилевски, Шарениот профил на ДЛУМ, Современост, Скопје, бр. 1, јануари, 1969
В. С., Прва антологијска смотра савремене македонске уметности, Политика, Белград, 6. II. 1969
Д. П., Македонци на Ушћу, Експрес, Белград, 6. II. 1969
О. Спиркоска, Голема изложба на современата македонска уметност, Нова Македонија, Скопје, 6. II. 1969
—, Свечана вечера за македонските уметници, Нова Македонија, Скопје, 16. II. 1969
Зоран Маркуш, Во знакот на сопствената преродба, Нова Македонија, Скопје, 16. II. 1969
Симон Шемов, Изложба на македонската уметност — манифестација со најголемо значење, Млад борец, Скопје, 24. II. 1969
П. В., Време младих уметника, Политика, Белград, 1. III. 1969
Соња Абаџиева Димитрова, Современи македонски уметници — актуелни тенденции, средба на солидарноста 1964—1968, Скопје, 1969
Катарина Амброзиќ, Македонската уметност денес, Разгледи, Скопје, бр. 3, март, 1969

Стеван Станић, Одсеви македонске традиције, Борба Белград, 4. III. 1969
Миодраг Протиќ, Творечко достигнување на светот, Нова Македонија, Скопје, 9. III. 1969
Борис Петковски, Динамично сазревање, Политика, Белград, 16. III. 1969
Соња Абаџиева Димитрова, Еден ликовен настан, Современост, Скопје, бр. 5, мај, 1969
О. Сп., ,,Македонската современа уметност" во Сараево, Нова Македонија, Скопје, 5. VI. 1969
Борис Петковски, Есенската изложба на ДЛУМ, Нова Македонија, Скопје, 9. XI. 1969

Boris Petkovski, La pittura contamporanea Macedone, Quid, Roma, br. 8, noemvri, 1969

—, Турнеја на десет македонски сликари, Вечер, Скопје, 20. XII. 1969

1970 Ташко Ширилов, По постојан и незапирлив подем, Вечер, Скопје, 1—2. I. 1970

—, Десетмина македонски сликари во Франција, Нова Македонија, Скопје, 4. I. 1970

Борис Петковски, Емотивниот однос на уметникот кон делото, Нова Македонија, Скопје, 1. III. 1970

Снежана Липковска, Чудата се случуваат во мај Журнал, Скопје, 14. III. 1970

—, Прв откуп за Анастасов, Вечер, Скопје, 17. III .1970

—, Родољуб Анастасов доби прва откупна награда во' Александрија, Нова Македонија, Скопје, 17. III. 1970

—, Наши сликари награђени на Бијеналу у Александрији, Политика, Белград, 18. III. 1970

—, Prva nagrada Budeši u Aleksandriji, Slobodna Dalmacija, Split, 18.III. 1970

—, Aleksandrija: nagrada VIII bienala, Delo, Ljubljana, 19. I .1970

Т. Ш., Успех на ,,Вибрации I", Вечер, Скопје, 21. III. 1970

Соња Абаџиева Димитрова, Контакти со странство на ликовен план во изминатата 1969 година, Современост, Скопје, бр. 4, април, 1970

Zdenko Rus, Posljednji korak i prekoračenja—suvremena makedonska umetnost, Kolo, Zagreb, br. 1—6, januari—uni, 1970

—, ,,Вибрации III" — слика што доби прва откупна награда во Александрија, Нова Македонија, Скопје, 26. IV. 1970

издавач : музеј на современата уметност — скопје
éditeur : musée d'art contemporain — skopje
предговор, превод, подготовка и редакција на каталогот и поставка : соња абаџиева димитрова
préface, traduction et rédaction du catalogue et accrochage : sonja abadžieva dimitrova
библиографија : слободанка парлиќ
bibliographie : slobodanka parlić
техничка подготовка : стојан петровиќ
arrangement technique : stojan petrović
печатење : графички завод „гоце делчев" — скопје
imprimerie : office graphique „goce delčev" — skopje
фотографии : благоја дрнков и владимир [illegible]
photographie : blagoja drnkov et vladimir [illegible]
тираж : 500
tirage : 500